# МАЛКУ ЛОГИКА

## 1. РЕДОСЛЕД НА СЛУЧУВАЊЕ НА НАСТАНИ

Дамјан е ученик во второ одделени. На цртежите десно се прикажани неговите активности во текот на еден кога оди на училиште. Но, цртежите не се по редослед на настаните и се знае кој настан е прв, а кој е единаесетти. Исто така се знае дека кога ќе се врати од училиште Дамјан прво спортува, а потоа следуваат останатите активности.

Во крукчињата стави ги редните броеви кои недостасуваат така што настаните ќе бидат правилно подредени.




## 2. КОЈ КВАДРАТ НЕДОСТАСУВА?




а) D б) E в) F г) H




Од квадратот А е добиен квадратот В. Кој квадрат е добиен од квадратот С.

## 3. ДОЦРТУВАЊЕ ШАРА НА ДВА НАЧИНА



Доврши ја горната шара, а потоа обој ја по сопствена желба. Потоа прецртај ја истата и дроврши ја на друг начин и обој ја по сопствена желба.

## 4. КОЈА КОЦКА МОЖЕ ДА СЕ СОСТАВИ ОД МРЕЖАТА?




На горниот цртеж се дадени мрежа од коцка за играње и четири коцки. Која од прикажаните коцки може да се добие од мрежата?

## 5. ВО ЕДЕН ПОТЕЗ

Во еден потез, без подигнување на моливот од хартијата, да се нацртаат следниве фигури:





## 6. МАЛА ИСТОРИСКА ЗАГАТКА

Во јужноамеричката држава Перу, блиску до градот Куско, старата престолнина на империјата на Инките, се наоѓа легендарен град на Инките. Остатоците од овој град се прикажани на цртежот десно, а неговото име ќе го дознаеш ако со шаховската фигура коњ поминеш преку долната табла.



| | | | |
|---|---|---|---|
| М | У | У | И |
| | К | | Ч |
| | А | П | Ч |

Овој град е изграден околу 1450 година на свето место за Инките. Градот е напуштен од непознати причини во 1532 година. Долго време бил скриен во џунглата. Неговите остатоци ги открил Хенри Бингам во 1911 година. Во 2006 година е прогласен за едно од новите 7 чуда на светот.

## 7. ОТКРИЈ ГО ИМЕТО НА СТАТУИТЕ

Еден од најпознатите острови во Океанија е Велигденскиот остров. Својата слава ја должи на огромните статуи, направени од монолитен камен блок со помош на едноставни алатки кои ги имале полинезијците. Овие статуи се уште се обвиени со многу тајни. Ако сакаш да го откриеш името на статуиите, подреди ги во растечки редослед само броевите на кои производот на цифрите на стотките, десетките и единците им е парен број, а под нив запиши ги буквите кои им соодветствуваат.



| Р | О | Г | А | М | Е | К | И |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7371 | 1334 | 4153 | 1892 | 1326 | 9357 | 6197 | 2158 |

## 8. ЃУБРЕ

Од четири чкорија, направена е лопата како на цртежот. Во неа се наоѓа ѓубре.



Помести две чкорчиња така што во новата положба ѓубрето ќе биде исфрлено од лопатата.

## 9. ВКРСТУВАЊЕ ЧКОРЧИЊА

На маса се наоѓаат 8 чкорчиња подредени како на левиот цртеж.





Со четири поместувања формирај распоред на чкорчињата како на десниот цртеж. Притоа под поместување се подразбира подигнување на чкорчето од масата, прескокнување на две соседни чкорчиња и вкрстување со третото по ред чкорче.

## 10. КОЛКУ НАЧИНИ ПОСТОЈАТ?

На колку начини можеш да добиеш точно равенство со преместување на само едно чкорче.




Подготвил: Ристо Малчески, Скопје